Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 14-6215/1
15.10 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 95 од Статутот на медицинскиот факултет во Скопје (Универзитетски галасник број 458/19 и 458/21-анекс) и Одлуката од Наставно-научниот совет број 02-2934/47 од 28.06.2022 година, Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

**ВТОР ИНТЕРЕН ОГЛАС**
***за избор на стручњаци од практиката***

1. Се објавува втор интерен оглас за избор на лица како истакнати стручњаци од практитката од соодветната област за одржување на практична клиничка настава за студиските програми за тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет во Скопје за следниве катедри:

***I. Катедра за интерна медицина*** – 34- стручњак од практиката, од кои 32 од Интернистичките клиники и 2 стручњаци од практиката од ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" - Скопје за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Здравстевна нега на возрасни со геронтологија, Медицинска диететика
- Студиската програма за Дипломиран логопед: Интерна медицина, Геронтологија
- Студиската програма за Дипломиран физиотерапевт: Интерна медицина, Геронтологија, Физиотерапија во кардиологија и пулмологија
- Студиската програма за Дипломиран инженер по медицинско лабораториска дијагностика: Хематологија, Клиничко лабораториски корелации.
- Студиската програма за Дипломирана акушерка/акушер: Основи на здравствена нега, Избрани поглавја од клиничка медицина (интерна, инфектини болеси, клиничка пракса и дијагностичка лабораторија), Диететика

***II. Катедра за хирургија*** –3 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметот Здравствена нега на хируршки болни и болни од сродни болести
- Студиската програма за Дипломирана акушерка/акушер по предметот Основи на здравствена нега
- Студиската програма за Дипломиран радиолошки технолог по предметот Здравствена нега во радиологијата

***III. Катедра за дерматовенерологија*** – 6 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Здравствена нега на возрасни со геронтологија, Здравствена нега во диспанзерски и патронажни услови, Медицинска диететика.
- Студиската програма за Дипломиран Физиотерапевт: Интерна медицина со дерматовенерологија, Геронтологија.

***IV. Катедра за патологија*** – 2 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирани инженери по медицинско лабораториска дијагностика по преметите: Патологија и Клиничка цитологија.

***V. Катедра за неврологија*** – 1 стручњак од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Здравствена нега во неврологија, Здравствена нега на возрасни со геронтологија
- Студиската програма за Дипломиран логопед по предметите: неврологија со неврофизиологија, Клиничка невропсихологија.
- Студиската програма за Дипломиран физиотерапевт по предметите: Неврологија со неврофизиологија, Герентологија, Физиотерапија во неврологија
- Студиската програма за Дипломирана акушерка/акушер: Избрани поглавја од клиничка медицина 2 (неврологија, дерматовенерологија)

***VI. Катедра за психијатрија и медицинска психијатрија*** – 4 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Здравствена нега во психијатрија, Медицинска психологија, Супервизија, Здравствена нега на возрасни со геронтологија

***VII. Катедра за онкологија со радиотерапија*** – 7 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Здравствена нега на онколошки болни со онкологија
- Студиската програма за Дипломиран радиолошки технолог по предметите: Радиобиологија, Онкологија, Радиотерапија.

***VIII. Катедра за педијатрија*** – 2 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Здравствена нега на децата и младината со Педијатрија, Здравствена нега во диспанзерски и патронажни услови.
- Студиска програма за Дипломиран логопед по предметот Педијатрија
- Студиска програма за Дипломиран физиотерапевт по предметите: Педијатрија, Физиотерапија во педијатрија
- Студиска програма за Дипломирана акушерка/акушер по предметите: Педијатрија, Неонатологија, Нега на новородено.

***IX. Катедра за физикална медицина и рехабилитација*** – 4 стручњаци од практиката од кој 1 од ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација и 3 стручњаци од практиката од Катлановска бања за:

- Студиската програма за Дипломирана медицинска сестра/медицински техничар по предметите: Физикална медицина и рехабилитација
- Студиска програма за Дипломиран физиотерапевт: Балнео/климатотерапија, Клиничка кинезиологија со кенезиметрија, Основи на физикална терапија, Протетика и ортотика, Мануелна терапија, Физиотерапија во нарушување на мускулоскелетен систем, Физиотерапија во ревматологија, Физиотерапија во педијатрија, Физиотерапија во неврологија, Физиотерапија кај спортисти, Физиотерапија во гинекологија и акушерство.

***X. Катедра за анестезиологија со реанимација*** – 1 стручњак од практиката за:

- Студиска програма за Дипломирана медицинска сестра/техничар по предметите: Ургентна медицина со анестезиологија и реанимација
- Студиска програма за Дипломирана акушерка/акушер по предметите: Ургентна медицина со анестезиологија и реанимација

***XI. Катедра за трансфузиологија*** – 9 стручњаци од практиката за:

- Студиска програма за Дипломирана медицинска сестра/техничар по предметите: Дијагностички методи.
- Студиската програма за Дипломиран инженер по медицинско лабораториска дијагностика по предметите: Трансфузиска медицина

***XII. Катедра за патолошка физиологија и Катедра за нуклеарна медицина*** – 3 стручњаци од практиката за:

- Студиската програма за Дипломиран радиолошки технолог по предметот Нуклеарна медицина со патофизиологија

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- Да имат завршено додипломски тригодишни стручни студии;
- Да имат искуство во професијата од најмалку 5 години по дипломирање

**Напомена:**

- Кандидатите кои веќе поднеле документи на претходниот интерен оглас не треба повторно да ги доставуваат.

- Во случај да се јават повеќе кандидати од бараниот број кој што е наведен во огласот, селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на просекот од завршените додипломски тригодишни стручни студии.

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат, студиската програма и предметот;
- кратка биографија;
- државјанство (копија);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар;
- M1/M2 формулар.

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на објавување на огласот.

**Декан**
Проф.д-р Светозар Антовиќ